РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**август 2013 година**



Скопје, октомври 2013 година

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август 2013 година

- Во август 2013 година индустриското производство забележа пад од 1,2% во споредба со август 2012 година, а во однос на јули 2013 година пад од 15,7%.
- Стапката на инфлација на годишна основа изнесува 2,8%, додека на месечна основа е 0,3%. Просечната стапка на инфлација во првите осум месеци од 2013 година изнесува 3,5%;
- Годишен пад на физичкиот обем на извозот од 17,3% во периодот јануари - август 2013 година , со вредносен раст од 2,1% и пад на увезените количини стоки од 13,7%, со вредносен пад од 1,6%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 7,6% во однос на истиот период од 2012 година.
- Поголемо остварување на вкупните приходи во Буџетот за 0,7% и зголемување на вкупните расходи за 5,2% во првите осум месеци од 2013 година во однос на истиот период лани; Дефицит на Буџетот на РМ од 14.804 милиони денари (3,0% од БДП) и дефицит на Централниот буџет од 12.767 милиони денари (2,6% од БДП);
- Раст на вкупните кредити кон приватниот сектор од 3,6% на годишна основа, и раст од 5,7% на вкупниот депозитен потенцијал на банките;

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Во август 2013 година индустриското производство забележа пад од 1,2% во споредба со август 2012 година. Анализирано по сектори, секторот Рударство и вадење камен забележа раст од 4,8% како резултат на растот во гранките Вадење други руди и камен од 9,4% и Вадење руди на метал од 7,0%, додека гранката Вадење јаглен и лигнит забележа пад од 1,6%. Секторот Снабдување со електрична енергија гас, пареа и климатизација забележа раст на производството од 4,0%, додека секторот Преработувачка индустрија забележа пад од 2,9%.

| Индустриско производство (во %) - август 2013 година | | | |
|---|---|---|---|
| | м/м-12 | м/м-1 | I-VIII 2013 / I-VIII 2012 |
| Вкупно | -1,2 | -15,7 | 1,7 |
| Рударство и вадење камен | 4,8 | -7,9 | 8,2 |
| Преработувачка индустрија | -2,9 | -21,1 | 0,1 |
| Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација | 4,0 | 15,4 | 5,0 |

Извор: ДЗС

Во рамките на Преработувачката индустрија позитивен годишен раст е регистриран кај 10 од 23 гранки, кои сочинуваат 32,3% од индустриското производство. Од гранките со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство, висок раст е забележан во гранката Производство на облека од 21,4%, додека пад е забележан кај Производството на прехранбени производи од 16,9%. Значителен раст е остварен и кај следните гранки: Поправка и инсталирање машини и опрема 90,9%, Производство на текстил 78,5%, Производство на хемикалии и хемиски производи 40,1%, Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место 39,7%, Печатење и продукција на снимени медиуми 33,5% и Производство на електрична опрема 12,4%.




Индустриското производство во август 2013 година во однос на јули 2013 година забележа пад од 15,7%. Секторската анализа укажува дека раст е забележан во секторот Снабдување со електрична енергија, гас пареа и климатизација од 15,4%. Секторот Преработувачка индустрија забележа пад од 21,1%, а секторот Рударство и вадење камен пад од 7,9%. Падот во секторот Рударство и вадење камен се должи на падот во сите гранки и тоа: Вадење јаглен и лигнит од 11,7%, Вадење други руди на камен од 5,6% и Вадење руди на метал 5,4%.

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари – август 2013 година во однос на истиот период од 2012 година регистрира раст од 1,7%. Секторот Рударство и вадење камен забележа раст од 8,2%,

Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација раст од 5,0% и секторот Преработувачка индустрија забележа раст од 0,1%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во август 2013 во однос на август 2012 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Капитални производи од 5,8% и Енергија од 2,6%. Пад на производството е регистрирано кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 15,0%, Интермедијарни производи, освен енергија од 3,1% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,4%.

На месечно ниво, податоците за индустриското производство по наменски групи во август 2013 година покажуваат зголемување на производството кај групата Енергија од 13,6%. Пад е забележан во групите: Капитални производи за 32,6%, Нетрајни производи за широка потрошувачка за 27,1%, Трајни производи за широка потрошувачка за 20,5%, и Интермедијарни производи, освен енергија за 9,5%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - август 2013 година во однос на истиот период од минатата година раст е забележан кај групите: Капитални производи од 7,3%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,8%, Енергија од 1,4% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,4%. Пад е забележан во групата Интермедијарни производи освен енергија за 3,0%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Оценката за тековната економска состојба на деловните субјекти во август 2013 година е поповолна во однос на претходниот месец, а во однос на август 2012 година е понеповолна (12,0 во август 2013, односно 14,3 во август 2012 година).




Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е понеповолна во однос на претходниот месец, а во однос на август 2012 година е поповолна (-15,0 во август 2013 година, односно -17,0 во август 2012 година). Во август 2013 година, оценката за обемот на производство во изминатите три месеци е поповолна во однос на јули 2013 година и во однос на август 2012 година. Во август 2013 година, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец и во однос на август 2012 година (15,1 во август 2013 година, односно 26,3 истиот месец во 2012 година).

Во однос на бројот на вработените, очекувањата во август 2013 година за наредните три месеци се поповолни во однос на минатиот месец и во однос на август 2012 година (6,0 во август 2013 година, споредено со 5,8 во август 2012 година).

Просечното искористување на капацитетите во август 2013 година изнесува 60,7%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 59,6%. Споредено со август 2012 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,4п.п.

Во август 2013 година залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали, се под и околу нормалата. Оценката за сегашната состојба со залихите готови производи е поповолна во споредба со претходниот месец и со август 2012 година. Во наредниот тримесечен период, според оценката на раководителите, се очекува зголемување на просечните набавни цени на инпутите, додека продажните цени на готовите производи се очекува да останат на исто ниво.

Според оценките, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во август 2013 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 26,8%, недоволната домашна побарувачка со 18,7%, недостигот на квалификувана работна сила со 10,9%, неизвесното економско окружување со 10,2%, финансиските проблеми со 9,9%, конкурентниот увоз со 8,3%, недостигот на суровини со 2,6%, нејасните економски закони со 2,3% и недостигот на опрема со 1,9%.

Како ограничувачки фактори во август 2013 година во однос на јули 2013 година, помал број од деловните субјекти ги посочиле: недоволната домашна побарувачка, конкурентниот увоз, финансиските проблеми, недостигот на квалификувана работна сила, недостигот на опрема и недостигот на суровини, додека поголем број од деловните субјекти ги посочиле: недоволната странска побарувачка, нејасните економски закони и неизвесното економско окружување. Кај останатите фактори нема позначајни промени.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во август 2013 година во однос на август 2012 година забележа зголемување од 1,6%. Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници во сите сектори и тоа: Рударство и вадење камен за 8,2%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,9% и Преработувачка индустрија за 1,0%. Во секторот Рударство и вадење камен регистриран е раст на бројот на работниците од 8,2%, како резултат на зголемување на бројот на работници во гранките Вадење јаглен и лигнит (24,9%) и Вадење руди на метал (2,0%), додека кај гранката Вадење други руди и камен е забележан пад на бројот на работници од 8,0%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во август 2013 година во однос на август 2012 година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Енергија за 7,5%, Трајни производи за широка потрошувачка за 2,8%, Нетрајни производи за широка потрошувачка за 2,4% и Капитални производи за 0,3%, додека намалување на бројот на работници има кај групата: Интермедијарни производи, освен енергија за 2,2%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во август 2013 година беа издадени 140 одобренија за градба, што претставува намалување за 48,5% во однос на истиот месец од 2012 година. Вкупниот број на издадени одобренија за градење во однос на јули 2013 година, кога беа издадени 179 одобренија, се намали за 21,8%.

Предвидената вредност на објектите, според издадените одобренија за градење во август, изнесува 1.977 милиони денари, што е за 5,9% помалку во однос на август 2012 година. Во однос на јули 2013 година вредноста на објектите бележи зголемување за 36,1%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење (140), 91 (или 65%) е наменето за објекти од високоградба, 18 (или 13%) за објекти од нискоградба и 31 (или 22%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 140 објекти за кои се издадени одобренија за градба, на 96 (или 69%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 44 објекти (или 31%) инвеститори се деловни субјекти.

Во август 2013 година предвидена е изградба на 218 станови со вкупна корисна површина од 18.906 м2. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 65% во однос на истиот месец од 2012 година, а во однос на јули 2013 година за 33%.




Анализирано по региони, во август 2013 година најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 55, при што 35 одобрениј се издадени за инвеститори - физички лица и 20 за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Североисточниот регион - 4, од кои 1 одобрение е издадено на инвеститор физичко лице и 3 одобренија се издадени за инвеститори - деловни субјекти.




Во периодот јануари-август 2013 година, најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 449, од кои 326 за инвеститори - физички лица, а 123 одобренија се за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Североисточниот регион, вкупно 93, од кои 78 одобренија се за инвеститори - физички лица, а 15 се издадени за инвеститори - деловни субјекти.

# Инфлација

Годишната стапка на инфлација во август 2013 година, измерена според Индексот на трошоци на живот изнесува 2,8%. Просечната стапка на инфлација во првите осум месеци од 2013 година се зголеми на 3,5%.




На годишна основа, во август 2013 година се забележува раст на цените кај сите категории, освен кај категоријата Домување. Така, цените во категоријата Исхрана забележаа раст од 5,2% на годишно ниво (5,5% во јули 2013). Цените во категоријата Домување се намалија за 3,4% (наспроти растот од 1,5% во јули 2013), а во поткатегоријата Огрев и осветление забележаа намалување од 5,4%, додека во поткатегориите Станарина, вода и услуги и Покуќнина беше забележан раст од 0,4% и 1,2%, соодветно. Растот на цените во останатите категории е како што следи: Ресторани и хотели од 4,4%, Хигиена и здравје од 4,1%, Тутун и пијалаци од 3,9%, Култура и разонода од 1,1%, Административни и финансиски услуги од 0,9% и Сообраќајни средства и услуги од 0,3%.

Стапката на инфлација во август споредено со претходниот месец се зголеми за 0,3%, за разлика од месечниот пад од 1,1% остварен во јули 2013 година. Цените во категоријата Исхрана бележат зголемување од 0,4%, додека во категоријата Култура и разонода и Тутун и пијалаци се зголемија за 0,1%. Цените во категоријата Домување се намалија за 0,1% на месечна основа, а пад се забележува и во категоријата Облека и обувки од 0,2%. Цените во категориите Административни и финансиски услуги и Ресторани и хотели се непроменети. Во останатите категории се забележува месечен раст на цените и тоа: Сообраќајни средства и услуги од 1,3% и Хигиена и здравје од 0,3%.

Цените на мало во август 2013 година во однос на август 2012 година се повисоки за 1,3%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се пониски за 0,5%. Просечниот раст на цените на мало во првите осум месеци од 2013 година изнесува 1,6%.

# Берзански цени

Во август 2013 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа раст од 3,1% во однос на претходниот месец и изнесуваше 111 долари за барел. Споредено со август 2012 година, цената на нафтата е пониска за 2,1%. Цената на природниот гас во август се намали за 1% во однос на претходниот месец.

Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, на светските берзи во август се тргуваше со просечна цена од 14.315 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен раст на цената од 4,1%. Споредено со август 2012 година цената на никелот е пониска за 9,0%. Во август се забележува месечен раст на цените на сите основни метали. Така, калајот забележа раст на цената од 10,6%, оловото од 6,2%, бакарот од 4,1%, алуминиумот од 2,7% и цинкот од 3,3%. Во август се забележува месечен раст и кај на цените на благородните метали, при што цената на среброто се зголеми за 11,1%, на платината за 6,7% и на златото за 5,1%. Цената на железната руда во август забележа месечен раст од 7,5%.




Во август прекина падот на цената на пченицата на светските берзи, и во однос на јули е повисока за 0,2%. Цената на пченката во август забележа месечен пад од 14,6%.

# 2. Надворешно - трговска размена

Вкупната надворешно - трговска размена во периодот јануари – август 2013 година бележи контракција од 0,2% во однос на истиот период од 2012 година.




## Извоз

Во периодот јануари - август 2013 година физичкиот обем на извозот бележи пад од 17,3% во однос на истиот период од 2012 година, а вредноста на извезените стоки изнесува 2.077,4 милиони евра и бележи раст од 2,1% (43,6 милиони евра) во однос на периодот јануари - август 2012 година.

Анализирано на месечно ниво, во август 2013 година извозот бележи намалување од 22,9% во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на извозот во август 2013 година бележи месечен пад од 9,4%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (13,5 п.п.) врз извозот во овој месец.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - август 2013 година се: железо и челик со 18,6%, облека 15,0%, хемиски материи и производи 14,9%, пијалаци и тутун 6,4%, метална руда и отпадоци од метал 5,5%, и нафта и производи од нафта 2,5%. Овие шест групи производи сочинуваат 62,8% од вкупниот извоз на државата.




Гледано по економска намена, во периодот јануари – август 2013 година најголемо учество во извозот имаат: стоките за индустриски набавки (52,7%), потоа следуваат стоките за широка потрошувачка (22,4%), храна и пијалаци (10,6%), производите за инвестиции без транспортна опрема (9,9%), горива и мазива (2,6%) и транспортна опрема (1,8%).

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII 2012 | I-VIII 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 452,6 | 386,6 | -66,0 | -14,6 |
| Мил. ЕУР | 460,3 | 386,5 | -73,8 | -16,0 |
| Мил.$ | 576,1 | 507,3 | -68,8 | -11,9 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII 2012 | I-VIII 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 364,3 | 384,5 | 20,2 | 5,5 |
| Мил. ЕУР | 195,3 | 189,6 | -5,7 | -2,9 |
| Мил.$ | 243,7 | 249,3 | 5,7 | 2,3 |

*)Претходни податоци







Анализирано по тарифи, најзастапени производи во извозот се: катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја; фероникел; машини и апарати за филтрирање или пречистување други гасови со каталитичка постапка; тутун, суров и непреработен; машки кошули од памук; табли, плочи, пултови, маси, ормани и друго; руди на олово и концентрати; плоснато валани производи од железо или нелегиран челик со ширина 600 мм или поголема, платинирани или превлечени; руди на бакар и концентрати; феросилициум; лекови приготвени во одмерени дози; и друго.

## Увоз

Увезените количини стоки во периодот јануари - август 2013 година се намалени за 13,7% во однос на периодот јануари - август претходната година, а нивната вредност изнесува 3.239,4 милиони евра, што претставува намалување за 1,6% (52,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2012 година.

Анализирано на месечно ниво, во август 2013 година увозот бележи пад од 20,0% во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на увозот во август 2013 година бележи месечен пад од 18,4%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (1,5 п.п.) врз увозот во овој месец.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII 2012 | I-VIII 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 161,2 | 103,0 | -58,2 | -36,1 |
| Мил. ЕУР | 104,8 | 52,6 | -52,2 | -49,8 |
| Мил.$ | 143,5 | 69,1 | -74,4 | -51,8 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII 2012 | I-VIII 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 708,5 | 621,2 | -87,3 | -12,3 |
| Мил. ЕУР | 467,4 | 372,0 | -95,5 | -20,4 |
| Мил.$ | 610,7 | 488,5 | -122,2 | -20,0 |

*)Претходни податоци

Најголем дел од увозот на стоки (според групи на СМТК) во периодот јануари - август 2013 година, покрај нафтата отпаѓа на обоените метали; предиво, ткаенини и текстилни производи; железо и челик; друмски возила; електрични машини, апарати и делови; индустриски машини и делови; и друго.

Гледано по економска намена, во периодот јануари - август 2013 година најголемо учество во увозот имаат: стоките за индустриски набавки (45,0%), потоа следуваат горива и мазива (16,0%), производите за инвестиции без транспортна опрема (12,9%), храна и пијалаци (11,2%), стоките за широка потрошувачка (10,0%) и транспортна опрема (4,7%).




Најзастапени производи во структурата на увозот по тарифи се: гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; платина, необработена или во прав; електрична енергија; паладиум: необработен или во прав; руди на никел и концентрати; моторен бензин со октански број (РОН) 95 или поголем, но помал од 98; топло валани производи со дебелина помала од 3 мм; премачкувачки средства (бои и лакови); масла за ложење; лекови приготвени во одмерени дози; нафтени гасови и други гасовити јагленоводороди; сурова нафта и слично.

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII 2012 | I-VIII 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 18,6 | 4,7 | -14,0 | -74,8 |
| Мил. ЕУР | 251,2 | 308,7 | 57,5 | 22,9 |
| Мил.$ | 318,8 | 405,7 | 86,9 | 27,2 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII 2012 | I-VIII 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 17,3 | 20,7 | 3,4 | 19,4 |
| Мил. ЕУР | 48,1 | 51,6 | 3,5 | 7,3 |
| Мил.$ | 59,6 | 67,8 | 8,1 | 13,7 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари – август 2013 година трговскиот дефицит се стесни за 96,0 милиони евра или 7,6% во однос на истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, стеснувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема, храна и пијалаци и стоките за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше прошireното негативно салдо во размената со стоките за индустриски набавки и стоките за инвестиции без транспортна опрема.

Значајно е да се напомене дека од јануари 2013 година се применува ревидирана економска групација на земјите, подготвена според Геономенклатурата на ЕУ - Номенклатура на земји и територии за статистика на стоковната размена на Унијата и статистика на стоковната размена помеѓу земјите - членки на Унијата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - август 2013 година споредено со истиот период од 2012 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион. На годишно ниво, извозот во ЕУ бележи раст од 17,3%, додека кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 13,8%.

Во периодот јануари – август 2013 година, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28) во однос на истиот период од претходната година се зголемила за 8,7%, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување од 3,9 п.п. и изнесува 66,3%. Извозот на стоки со Европската унија (ЕУ 28) во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 72,9%, а увозот со 62,0%.

Во периодот јануари – август 2013 година, 78,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина, Србија, и Турција, а потоа следуваат: Русија, Италија, Словенија, Швајцарија, Австрија, и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Босна и Херцеговина и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 73,1% од трговската размена во периодот јануари - август 2013 година е реализирана во евра, што во однос на периодот јануари - август 2012 година претставува зголемување од 3,2п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 82,9% и 66,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 4,3 п.п., додека кај увозот е зголемена за 2,4 п.п во однос на периодот јануари - август 2012 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I-VIII 2012 | | | | | I-VIII 2013 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.950,2 | 2.120.551.498 | 61,5004 | 130.414.765.321 | 64,5 | 2.002,3 | 2.170.546.327 | 61,4965 | 133.481.002.184 | 66,9 | 49.994.829 | 2,4 |
| УСД | 2.295,4 | 1.124.444.236 | 49,7112 | 55.897.472.303 | 27,6 | 1.660,1 | 926.280.436 | 46,1982 | 42.792.488.850 | 21,4 | -198.163.800 | -17,6 |
| ГБП | 1,9 | 210.757.410 | 78,0567 | 16.451.027.918 | 8,1 | 1,9 | 290.580.957 | 71,5340 | 20.786.418.206 | 10,4 | 79.823.547 | 37,9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.247,5 | | | 202.763.265.542 | 92,1 | 3.664,3 | | | 197.059.909.239 | 98,7 | | |
| вк извоз: | 4.253,7 | | | 202.203.588.073 | 100,0 | 3.671,1 | | | 199.640.912.506 | 100,0 | | -1,3 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во периодот јануари- август 2013 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 91.880 милиони денари, односно 18,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 0,7% во однос на истиот период во 2012 година.

Даночните приходи за првите осум месеци изнесуваа 50.715 милиони денари, односно 10,4% од БДП и во однос на истиот период од 2012 година забележаа намалување од 0,2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 25.765 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 50,8%. Акцизите се остварени во износ од 10.071 милиони денари (учество од 19,9% во даночните приходи). Така, од овие два данока остварени се приходи од 35.836 милиони денари, односно повеќе од 2/3 или 70,7% од вкупните даночни приходи (7,3% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 38.417 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 12.652 милиони денари (бруто наплатата е пониска за 0,9%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 4,6% споредено со истиот период од 2012 година).



Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз, кој забележува пад од 6,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 10,7%, учеството на ДДВ донациите е незначително (0,6%) и забележува поголемо остварување за 88,3%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок изнесуваат 6.531 милиони денари и се зголемени за 5,6% на годишна основа, при што 71,9% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,1% приходи по основ на договор на дело, 6,7% приходи од капитал и 3,9% од приходи од имот и имотни права. Споредено со истиот период од 2012 година приходите од данокот од добивка во износ од 3.313 милиони денари забележаа раст од 30,4%, што е резултат пред сè на данокот наплатен по основ на исплатени дивиденди и други распределби од добивката и на приходите на пресметана камата на данокот на добивка и приходите од доплати по Даночен биланс, а истовремено беше забележан пад на приходите од платени аконтации, од годишен данок на вкупен приход и од задржан данок на приходи платени на странски правни лица. Приходите од ДДВ забележаа пад од 3,4% (што е за 0,1 п.п. помалку од намалувањето за претходниот седуммесечен период), додека акцизите забележаа пад, односно помало остварување за 5,2% (што е за 0,1 п.п. повеќе споредено со претходниот седуммесечен период). Приходите од царина беа остварени во износ од 2.789 милиони денари и забележаа зголемување од 6,0%. Приходите од други даноци изнесуваа 2.246 милиони денари и забележаа раст од 3,6%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 8.106 милиони денари во однос на истиот период од 2012 година и забележаа пад од 1,3% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 2.995 милиони денари, што претставува намалување од 22,7% во однос на истиот период од претходната година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 27.360 милиони денари (учество од 5,6 % од БДП), што е за 3,3% повеќе споредено со истиот период од 2012 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 3,0%, кај придонесите за вработување од 2,8%, додека придонесите за здравствено осигурување забележаа зголемување од 4,1%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари- август 2013 година изнесуваа 106.684 милиони денари, односно 21,9% од БДП, што е за 5,2% повеќе во однос на 2012 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 96.079 милиони денари учествуваа со 90,0% (со учество од 19,7% во БДП) и се зголемени за 5,4% во однос на истиот период од 2012 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 68.194 милиони денари (14,0% од БДП), а втори по големина се платите и надоместоците со 15.044 милиони денари. Во вкупните расходи на Буџетот, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 14,1% и во однос на 2012 година се намалени за 0,8%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 9.877 милиони денари и споредено со истиот период од 2012 година се зголемени за 9,9%.

Трансферите забележаа зголемување од 6,2% споредено со истиот период од 2012 година и истите учествуваа со 63,9% во вкупните расходи. Социјалните трансфери изнесуваа 49.021 милиони денари, забележаа раст од 6,7% и учествуваа со 46,0% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 29.793 милиони денари, зголемување од 9,7%, споредено со истиот период од 2012 година. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,4%, односно забележаа зголемување од 5,5% споредено со истиот период од 2012 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 9.222 милиони денари, беа реализирани за 0,4% повеќе во однос на првите осум месеци од претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 10,7% повеќе.

Каматите се реализирани во износ од 2.964 милиони денари, што е за 5,3% повеќе во споредба со истиот период од 2012 година. Ваквото зголемување се должи пред сѐ на исплатата на доспеаните обврски за камати од домашно задолжување. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 39,8%, додека за странство беа намалени за 9,1%.

Во анализираниот период, средствата за капиталните расходи беа реализирани во износ од 10.605 милиони денари со структурно учество од 10% во вкупните расходи (2,2% учество во БДП), односно забележаа зголемување од 3,5% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во првите осум месеци од 2013 година во Буџетот на Република Македонија остварен е дефицит од 14.804 милиони денари, што претставува 3,0% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 12.767 милиони денари и претставува 2,6% од БДП.

# 4. Социјален сектор

## Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ[1]

Во периодот јануари-август 2013 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 105.116 нови засновани работни односи. Од вкупниот број нововработени, 46,2% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од 2012 година бројот на засновани нови работни односи е помал за 19,9%.

Во текот на август засновани се 10.830 нови работни односи, од кои 19,0% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во август изнесува 5.003, од кои 40,3% претставуваат нови засновани работни односи. Во текот на август во Агенцијата е регистриран прилив од 3.349 лица, од кои 57,9% се лица на кои им престанал работниот однос. Така, во август 2013 година бројот на регистрирани невработени лица изнесува 91.293 лица, а бројот на други невработени лица е 130.282.




Најголем дел од невработените, односно 73,6% се од урбани средини (градско население), а 56,2% се мажи. Анализирано според степенот на образование, поголемиот дел односно 44,5% од невработените се без образование, со основно образование или со непотполно средно образование, 34,8% се со завршено средно образование, додека 20,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 52,3% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 49,2% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 19,8% чекаат вработување 8 и повеќе години.

## Плати

Согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во јули 2013 година изнесува 30.851 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 21.013 денари.

---

1 Со изменувањето и дополнувањето на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен весник на Република Македонија бр. 114/2012) извршени се измени и во делот на евиденцијата на невработените лица. Со овој Закон утврден е основ за воспоставување и водење две евиденции и тоа евиденција на невработени лица и евиденција на други лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување.

На месечна основа, во јули 2013 година просечната бруто плата бележи номинален пад од 0,3%, а реално истата е повисока за 0,8%. Просечната нето плата бележи номинален пад од 0,5%, а реално истата е повисока за 0,7%.

Во јули 2013 година во однос на јули 2012 година, просечната бруто плата бележи номинален раст од 1,3%, додека реално истата е пониска за 2,6%. Просечната нето плата номинално е повисока за 1,1%, додека на реална основа истата бележи пад од 2,8%.

Кумулативно, во периодот јануари-јули 2013 година во однос на истиот период од минатата година просечните бруто и нето плата бележат номинален раст од 1,4%, додека реално истите се пониска за 2,1%.

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во јули 2013 година во однос на јули 2012 година е забележан во дејностите Рударство и вадење камен (9,9% бруто плата и 8,5% нето плата), Транспорт и складирање (7,0% бруто плата и 6,1% нето плата) и Градежништво (6,9% бруто плата и 7,6% нето плата).




Намалување на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во јули 2013 година во однос на јуни 2013 година е забележан во дејностите Административни и помошни услужни дејности (3,0% бруто плата и 2,4% нето плата) и Снабдување со вода, отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (2,3% бруто плата и 2,2% нето плата).

Процентот на вработени кои не примиле плата во јули 2013 година изнесува 1,5% и е понизок за 0,5 п.п. во однос на истиот месец од претходната година, а понизок за 0,8 п.п. во однос на јуни 2013 година.

## Пензии

Во август 2013 година во Фондот за пензиско и инвалидското осигурување евидентирани се 287.706 пензионери, што претставува зголемување од 2,4% во однос на истиот месец од 2012 година. Во однос на јули 2013 година бројот на корисници на пензија е поголем за 411 лице. Од вкупниот број пензионери, 57,6% се



корисници на старосна пензија, 26,8% на семејна пензија и 15,6% на инвалидска пензија.

Во август 2013 година, за исплата на пензиите се потрошени 3.273,83 милиони денари, што претставува 52,6% од вкупните социјални трансфери[2].

Просечната пензија во август 2013 година изнесува 11.540 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 8,0%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2013 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,0%.

# 5. Монетарен сектор

## Примарни пари

Во август 2013 година примарните пари[3] забележаа годишен раст од 0,6% (2,1% минатиот месец), како резултат на растот на готовите пари во оптек од 7,1%, додека вкупните ликвидни средства на банките бележат засилен пад од 4,5%.

На месечна основа, примарните пари забележаа пад од 2,2%, како резултат на падот на готовите пари во оптек од 1%. Вкупната ликвидност на банките се намали за 3,2%.

Во август 2013 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, а имајќи ги предвид и очекуваните ефекти од монетарното олабавување направено минатиот месец одлучи каматната стапка на благајничките записи да се задржи на нивото од 3,25%.

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[4] во август 2013 година се зголеми за 2,2% на месечна основа, како резултат на порастот на депозитите на приватните претпријатија од 7,7% и депозитите на домаќинствата од 0,4%. Од аспект на валутата, раст бележат депозитите во странска валута од 2,6%, додека депозитите во домашна валута се зголемија за 1,8% на месечна основа.




На годишна основа, вкупните депозити во август 2013 година оствarija засилен раст од 5,7%, наспроти растот од 3,1% во јули 2013 година. Од аспект на секторот, растот на вкупните депозити е

[2] Категоријата социјални трансфери ги опфаќа пензиите, паричниот надоместок во случај на невработеност, социјалната помош и расходите за здравствена заштита.

[3] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата.

воден од депозитите на домаќинствата кои бележат раст од 6,2%, додека депозитите на претпријатијата регистрираа годишен раст од 1,4% (наспроти падот од 8,5% во јули).

Од аспект на валутата, во август 2013 се забележува раст на депозитите во домашна валута, и тоа од 9,7%, додека депозитите во странска валута бележат раст од 1%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 28,9%, а краткорочните депозити се намалија за 4,3%.

## Кредити на банките

Во август 2013 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор останаа непроменети на месечна основа, во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 0,7% и пад на кредитите кон приватните претпријатија од 0,5%. Од аспект на валутната структура, денарските кредити забележаа раст од 0,4%, додека кредитите во странска валута се намалија за 1,3%.




На годишна основа, растот на вкупните кредити во август изнесуваше 3,6%. Според валутата, новото кредитирање е целосно во домашна валута. Имено, кредитите во домашна валута се зголемија за 5,9%, додека оние во странска валута бележат пад од 3,1%. Анализирано според секторот, кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 0,5%, додека кредитите на домаќинствата се зголемија за 7,8%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 3,4%, додека краткорочните кредити се пониски за 0,4%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во август 2013 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 7,6% и е на нивото од минатиот месец. Во однос на истиот месец од 2012 година таа е пониска за 0,4 п.п. Каматната стапка на денарските кредити е непроменета и изнесува 8%, а непроменета е и каматната стапка на девизните кредити која изнесува 6,5%.




Вкупната каматна стапка на депозитите е намалена за 0,1 п.п. на месечно ниво и изнесува 2,9%, во услови на намалени каматни стапки на денарските и девизните депозити за 0,1 п.п. и изнесуваат 4,3% и 1,7%, соодветно.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на август 2013 година изнесуваа 2.084,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се повисоки за 29,6 милиони евра, додека во однос на август 2012 година се пониски за 30 милиони евра.

**Министерство за финансии**

**Сектор за макроекономска политика**

**www.finance.gov.mk**

**Извештајот го подготвија:**

Ана Николова

Ангела Васовска

Анета Дудеска

Бојана Илиевска

Ѓоко Ѓорѓески

Копринка Сапунова

Неџати Куртиши

**Контролирал:** Д-р Сања Киковска - Георгиевска

**Одобрил:** Јордан Трајковски

Скопје, октомври 2013 година